**20081382713**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 91 став (4), член 94 став (4) и став (5) и член 96 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 17 јули 2008 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ЧЛЕНСТВО ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник поблиску се уредува начинот на членство во доброволен пензиски фонд, формата на договорот за членство во доброволен пензиски фонд, формата на потврдата за членство во доброволен пензиски фонд, начинот на премин од еден во друг доброволен пензиски фонд, формуларот за согласност за премин.

Член 2

Лицето станува член на доброволен пензиски фонд:

- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд меѓу лицето и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови или друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во понатамошниот текст: друштво) и со отварање на доброволна индивидуална сметка;
- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд меѓу лицето, физичкото лице кое уплаќа придонес во име и за сметка на лицето (во понатамошниот текст: уплаќач) и друштвото и со отварање на доброволна индивидуална сметка, или
- со учество во професионална пензиска шема и отварање на професионална сметка.

## II. Начин на членување во доброволен пензиски фонд со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд

Член 3

(1) Договорот за членство во доброволен пензиски фонд треба да биде пополнет и потпишан во форма пропишана во Образец број 1: ”Договор за членство во доброволен пензиски фонд”, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Друштвото определува единствен број на договорот за членство, кој се состои од десет цифри. За секој пензиски фонд, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст:Агенцијата) ги определува првите две цифри, со кои се идентификува пензискиот фонд и тие задолжително се составен дел од секој број доделен од друштвото.

Член 4

(1) При склучувањето на договор за членство, друштвото го претставува агент кој е регистриран во Регистарот на агенти. Агентот треба да го провери идентитетот на лицата кои склучуваат договор за членство врз основа на документ за лична идентификација.

(2) Договорот за членство треба да биде потпишан лично од членот и агентот во име на друштвото, а доколку уплаќачот уплаќа придонес во име и за сметка на членот тогаш договорот за членство треба да биде потпишан и од уплаќачот.

(3) Договорот за членство треба да ги содржи датумот и времето (час и минута) кога е потпишан од двете односно трите страни.

(4) Договорот за членство се потпишува во три оригинални примероци и агентот по потпишување на договорот веднаш треба да му обезбеди еден примерок на друштвото и еден примерок на членот кој го потпишал договорот за членство, а во случај уплаќачот да уплаќа придонес тогаш договорот се потпишува и од страна на тоа лице и агентот по потпишување на договорот веднаш треба да обезбеди еден примерок и на уплаќачот.

Член 5

Пред потпишување на договорот за членство, друштвото му обезбедува на членот увид во информативниот проспект и статутот на доброволниот пензиски фонд.

Член 6

(1) За лицата кои потпишале договор за членство друштвото отвара доброволна индивидуална сметка веднаш по првата уплата на придонес.

(2) Во случај едно лице да склучи договор за членство со две или повеќе друштва за управување со доброволни пензиски фонд или со две или повеќе друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фонд, за валиден ќе се смета договорот за членство врз основа на кој е извршена првата уплата на придонес.

Член 7

(1) Членот или уплаќачот може еднострано да го раскинат договорот за членство.

(2) Во случај уплаќачот да го раскине договорот за членство, членот е должен да потпише нов договор за членство, доколку сака самиот и/или друго лице да уплаќа доброволен придонес на истата доброволна индивидуална сметка.

## III. Начин на членување во доброволен пензиски фонд со учество во професионална пензиска шема

Член 8

(1) Работодавач или здружение на граѓани (во понатамошниот текст: осигурител) кое организира и финансира професионална пензиска шема и уплаќа придонес во доброволен пензиски фонд за своите вработени и членови, потпишува договор за организирање и финансирање професионална пензиска шема со претставник на вработените или членовите.

(2) Секој учесник во професионална пензиска шема потпишува изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема во форма пропишана во Образец број 2 ”Изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема”, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник и ја доставува до осигурителот.

(3) Во случај осигурителот да го промени пензискиот фонд кој управува со професионалната пензиска шема, треба да побара од вработениот или од членот да потпише изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема утврдена во став 2 од овој член.

(4) Осигурителот потпишува договор со овластениот потписник на друштвото кое управува со доброволни пензиски фондови во кој ќе биде вклучена шемата, во прилог на кој дава листа на сите учесници во шемата. Листата треба да ги содржи податоците од правилникот со кој се уредуваат доброволните индивидуални сметки.

Член 9

(1) За лицата кои учествуваат во професионална пензиска шема друштвото отвара професионална сметка веднаш по првата уплата на придонес.

(2) Учесникот на професионалната пензиска шема станува член на доброволниот пензиски фонд по отварање на професионална сметка за што друштвото доставува потврда за членство во форма пропишана во Образец број 3 "Потврда за членство во доброволен пензиски фонд" кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Друштвото определува единствен број на потврдата за членство во доброволен пензиски фонд, кој се состои од десет цифри. За секој пензиски фонд Агенцијата ги определува првите две цифри, со кои се идентификува пензискиот фонд и тие задолжително се составен дел од секој број доделен од друштвото.

(4) Доколку член на пензиски фонд е учесник во две професионални пензиски шеми, друштвата кои управуваат со пензиските фондови во кој се вклучени професионалните пензиски шеми во рок од 30 дена од известувањето од Агенцијата го известуваат членот, дека треба да избере една од професионалните пензиски шеми.

(5) Откако членот ќе направи избор на пензиски фонд во кој ќе членува, му прекинува членството во пензискиот фонд кој членот не го одбрал.

(6) Ако членот во рок од 90 дена од известувањето од Агенцијата од став 4 од овој член не избере пензиски фонд во кој ќе членува, за валидно ќе се смета членството каде е извршена првата уплата на придонесот.

## IV. Постапка за премин од еден во друг доброволен пензиски фонд на член кој е учесник во професионална пензиска шема

Член 10

(1) Во случај учесникот во професионална пензиска шема да премине кај друг осигурител кој организира професионална пензиска шема, средства од постојната професионална сметка се пренесуваат на професионалната сметка во професионална пензиска шема организирана од другиот осигурител.

(2) Учесникот во професионална пензиска шема може да стане член на друга професионална пензиска шема кога новиот осигурител ќе изврши уплата на доброволен придонес на професионалната сметка.

Член 11

(1) Средствата од професионалната сметка на членот се префрлуваат на доброволна индивидуална сметка на членот во случај кога:

- на членот ќе му престане работниот однос или членството кај осигурителот кој организира професионална пензиска шема.

- членот преминува кај друг работодавец или здружение на граѓани кој не организира професионална пензиска шема.

- членот преминува кај друг осигурител кој организира професионална пензиска шема но не е учесник во шемата.

(2) Во случај кога членот нема доброволна индивидуална сметка треба да склучи договор за членство во доброволен пензиски фонд и да побара од друштвото кое ја води неговата професионална сметка, пренос на средствата од таа сметка на доброволната индивидуална сметка.

(3) Доколку членот во рок од 90 дена не побара пренос на средствата од постојната професионална сметка, друштвото кое ја води сметката ќе побара информација од Агенцијата дали членот има доброволна индивидуална сметка.

(4) Доколку Агенцијата го извести друштвото дека членот нема доброволна индивидуална сметка, друштвото му отвара доброволна индивидуална сметка на членот и му доставува потврда за членство во доброволен пензиски фонд.

(5) Потврдата од став 4 од овој член се пополнува во форма пропишана во Образец број 4 "Потврда за членство во доброволен пензиски фонд" кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

## V. Постапка за премин од еден во друг доброволен пензиски фонд на член кој склучил договор за членство

Член 12

Член на доброволен пензиски фонд може да премине од постојниот доброволен пензиски фонд во друг доброволен пензиски фонд, со склучување на нов договор за членство со идното друштво и со префрлање на средствата од индивидуалната доброволна сметка на постојното друштво на доброволна индивидуална сметка на идното друштво.

Член 13

(1) Друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд доставува копија од договорот за членство и формулар за согласност за премин пропишан во Образец број 5 „Изјава за согласност за премин од еден во друг доброволен пензиски фонд" кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник заверен на нотар, до постојното друштво, во рок од осум работни дена по потпишувањето на договорот.

(2) Постојното друштво може да одбие да изврши пренос на износот на сметката на членот во идниот доброволен пензиски фонд во случај кога:

- лицето за кое се бара премин во идниот пензиски фонд не е член на постојниот пензиски фонд и
- доколку до постојното друштво се пристигнати повеќе од едно барање за премин од едно исто лице.

(3) Постојното друштво по приемот на копијата од договорот за членство и формуларот за согласност за премин заверен на нотар, испраќа писмено известување до идното друштво со информација за тоа дали се прифаќа или одбива преминот со образложение како и информација за износот на надоместокот за премин, согласно членот 117 став (1) точка (в) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

(4) Известувањето од став 3 од овој член постојното друштво го праќа на 18-ти во месецот за сите пристигнати договори за премин во периодот од 16–ти за претходниот месец до 15–ти за тековниот месец.

(5) По приемот на известувањето од став 3 од овој член, идното друштво веднаш го известува членот за обврската за плаќање надомест за премин.

(6) Во рок од осум дена од добивањето на известувањето членот е должен да го плати надоместокот за премин определен од страна на постојното друштво и до постојното друштво доставува доказ за платениот надоместок со што потврдува дека е согласен да премине во идниот пензиски фонд.

(7) Друштвото кое управува со постојниот доброволен пензиски фонд врши пренос на износот на сметката на членот и на соодветните податоци во идниот доброволен пензиски фонд на наредниот датум на пренос.

Член 14

Членството во идниот доброволен пензиски фонд започнува од датумот на пренос на средствата на сметката на членот во идниот пензиски фонд.

Член 15

По приемот на преносот од член 12 од овој правилник друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд го известува членот за средствата на сметката на членот во доброволниот пензиски фонд.

## VI. Начин на евиденција на членовите на доброволен пензиски фонд

Член 16

(1) Друштвата кои управуваат со доброволни пензиски фондови водат евиденција на склучени договори за членство, издадени потврди за членство и евиденција на членови кои се сопственици на доброволни индивидуални сметки и професионални сметки.

(2) До петти во месецот друштвата до Агенцијата, доставуваат листа со податоци за промени во членството за претходниот месец, во формат пропишан во стручно техничкото упатство.

(3) Доколку Агенцијата при проверка на податоците од став 2 на овој член утврди дека постои неконзистентност на податоците, ќе го задолжи друштвото во рок од два дена да изврши корекција и да ги достави корегираните податоци.

(4) Агенцијата по проверката од став 2 на овој член, може да го задолжи друштвото да го раскине договорот за членство, да ја затвори сметката и да ги префрли парите на членот, доколку утврди дека:

- лицето остварило право на старосна или инвалидска пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување;
- лицето повлекува средства согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и/или Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;
- лицето навршило 70 години возраст;
- лицето нема навршено 18 години возраст;
- во случај членот да склучил договор за членство со лице кое не е регистрирано во регистарот на агенти;
- во случај едно лице да склучи договор за членство со две или повеќе друштва за управување со доброволни пензиски фонд или со две или повеќе друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фонд;
- во случај членот да е учесник во две професионални пензиски шеми; и
- во други случаи утврдени со закон.

(5) Друштвото ја проверува точноста на податоците од став (1) на овој член пред истите да ги внесе во својата евиденција.

(6) Друштвото е должно да обезбеди тајност и заштита на личните податоци, на членовите согласно член 23 од Законот за заштита на личните податоци.

Член 17

Друштвото треба да воспостави и одржува организациска структура и технички средства за исполнување на неговите обврските од овој правилник.

## VII. Завршна одредба

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-1143/3
17 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**, с.р.

Образец 1

ЛОГО НА ДРУШТВОТО
Максимални димензии (10 см должина x 2 см висина)

**Договор за членство во доброволен пензиски фонд** број |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Склучен на ___/___/____;___/__/ во ____________ помеѓу:
(ден, мес. год. час, мин.) (место)

1. ______________________________________________________________________
(целосен назив на друштвото и контакт телефон)

со седиште на ____________________________________________________________

(адреса на друштвото)

застапувано од агентот ___________________________________________________
(име презиме и регистерски број)

од една страна како друштво и

и

2. _________________________________________________
(име и презиме на членот)

__________________________________________ (ЕМБГ) |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
(адреса и место на живеење)

за странец (идентификациски број)___________________________

од друга страна како член

3. _______________________________________________________________
(име и презиме на лицето кое уплаќа придонес за членот)

____________________________________(ЕМБГ) |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
(адреса и место на живеење)

за странец (идентификациски број)________________________________

од трета страна како лице кое уплаќа придонес за членот

Премин од друг доброволен пензиски фонд ☐

Член 1
Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу страните на договорот.

Член 2
Покрај основните податоци, членот има обврска да ги достави до друштвото и следните податоци:

Датум и место на раѓање: ____/____/____ _____________, пол ____________
(ден, мес, год)
Адреса за кореспонденција:
____________________________________________________________________________,

контакт телефон со повикувачки број: __________________,
*електронска пошта*: ________________________________.

Член 3
Со овој договор и со првата уплата на придонес на доброволна индивидуална сметка членот се зачленува и стекнува својство на член во доброволен пензиски фонд ____________________________________________ управуван од друштвото.
(назив на фондот)

Член 4

Членот или лицето кое уплаќа доброволен придонес во име и за сметка на членот може да изврши уплата на придонес најрано 5 дена по потпишувањето на договорот за членство

Член 5

Членот или физичкото лице кое во име и за сметка на членот врши уплата, има право слободно да ја одредува висината на уплатениот износ и динамиката на уплатата, а промената на висината на уплатата не влијае на правото на членство во фондот.

Член 6

Член на доброволен пензиски фонд кој сака да премине во друг доброволен пензиски фонд треба да потпише нов договор за членство со друштво кое управува со идниот доброволен пензиски фонд, по што пополнува формулар за согласност за премин добиен од идното друштвото, плаќа надоместок за премин и го доставува до постојното друштвото

Член 7

(1) Друштвото се обврзува дека, по првата уплата на придонес, односно по извршениот пренос, ќе воспостави доброволна индивидуална сметка на име на членот во доброволниот пензиски фонд со кој тоа управува.

(2) Друштвото се обврзува дека средствата на членот ќе ги инвестира со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членот според следниве принципи: сигурност на средствата на доброволен пензиски фонд, диверсификација на ризикот од инвестициите и одржување на адекватна ликвидност.

(3) Друштвото се обврзува редовно да го известува членот за состојбата на неговата доброволна индивидуална сметка и за инвестирањето на средствата на доброволниот пензиски фонд.

Член 8

(1) Друштвото односно агентот е должен да обезбеди тајност и заштита на личните податоци, на членот со кој го склучува овој договор, согласно член 23 од Законот за заштита на личните податоци.

(2) Во случај на промена на личните податоци од овој договор, членот е должен да го извести друштвото со цел личните податоци да бидат ажурирани.

Член 9

(1) Друштвото има право да ги наплатува единствено следниве надоместоци:

а) надоместок од придонесите во висина од ______ % од уплатените придонеси во доброволен пензиски фонд

б) месечен надоместок во висина од ______% од вредноста на нето средствата на доброволниот пензиски фонд, за покривање на трошоците на друштвото за управувањето со доброволни пензиски фондови; и

в) надоместок во случај на пренос на средствата во друг доброволен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од една година пред да премине во идниот фонд.

(2) Висината на надоместокот од став (1) точка а) и б) на овој член е променлива категорија. Во примена е надоместокот определен од друштвото, кој е во рамките на максималната висина на надоместокот од придонесите кој го наплаќаат друштвата определена од страна на Агенцијата

Член 10

Уплати во доброволен пензиски фонд не може да се прават во име и за сметка на лице кое:

- остварило право на старосна или инвалидска пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување
- повлекува средства согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и/или Законот за доброволно капитално финанирано пензиско осигурување.
- лице кое навршило 70 години

Член 11

Членството во доброволниот пензиски фонд престанува со премин на членот во друг доброволен пензиски фонд, со остварување на право на пензиски надоместок и со еднострано раскинување на овој договор од страна на членот или од страна лицето кое уплаќа придонес за сметка на членот.

Член 12

Договорот е потпишан во три примероци од кои по еден за секоја договорна страна.

Член 13

(1) Во случај на прво членство, овој договор влегува во сила по потпишувањето на овој договор и по првата уплата на придонес на доброволна индивидиуална сметка од страна на членот или лицето кое уплатило придонес во име и за сметка на членот.

(2) Во случај утврден во член 6, договорот влегува во сила на датумот на потпишување на договорот и по пренос на средствата во идното друштво.

Член 14

Одредбите на овој договор се променливи согласно измените и дополнувањата на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

| Потпис на членот | Потпис на агентот |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |

Потпис на лице кое уплаќа придонес за членот

______________________________

*Упатство за пополнување:*

*1. Сите празни места во договорот за членство треба да бидат пополнети со печатни букви или со употреба на компјутер или машина за пишување.*

*2. Сите полиња се задолжителни освен оние напишани со ракописни букви.*

*3. Во случај на премин на член од еден во друг доброволен пензиски фонд, полето за премин задолжително се пополнува.*

*4. Идентитетот на членот се проверува од агентот на друштвото, врз основа на документот за лична идентификација (лична карта или патна исправа).*

Образец 2

## ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА

Јас ______________________________________________________

**(име и презиме и ЕМБГ)**

_________________________________________________________________

**( адреса на живеење)**

**се согласувам** да учествувам во

_________________________________________________________________

(име на професионалната пензиска шема)

организирана од страна на

_________________________________________________________________

(назив на осигурителот)

во

_________________________________________________________________

(назив на фондот)

управуван од страна на

_________________________________________________________________

(назив на друштвото)

Изјавувам дека сум запознаен и ги прифаќам правилата на професионалната пензиска шема и разбирам дека истите може да бидат променети. Податоците што ги наведов во оваа изјава се целосни и вистинити.

Датум ____________________

Потпис ___________

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Презиме…………………………………… Име …………………………………

ЕМБГ. . . . . . . . . . . . . .

Адреса на живеење ………………………………………………………………………

Адреса за кореспонденција ……………………………..…………………………………….

Работно место кај работодавачот ………………………………………………………………

Дата на вработување/членство кај осигурителот ……………………………………………

Дата на раѓање ………………………………

Број на пасош, дата и место на издавање (ако не е македонски државјанин) ………………

**ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛОТ**

Назив на осигурителот

…………………………………………………………………………………………

Даночен број ……………………

Седиште …………………………………………………………………………………

Адреса на работното место на работникот ако е различна од седиштето на осигурителот

………………………………...………………………………………………………………………

Име на професионалната пензиска шема

…………………………………………………………………………

Назив и адреса на пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд

………………………………………………………………………………………………………………

Назив на пензискиот фонд

………………………………………………………………………………………………………

**Образец 3**

ЛОГО НА ДРУШТВОТО
Максимални димензии (10 см должина x 2 см висина)

## ПОТВРДА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД
**број** ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

1. ____________________________________________
(целосен назив на друштвото и контакт телефон)

со седиште на ____________________________________________
(адреса на друштвото)

2. ____________________________________________
(назив на доброволниот пензиски фонд)

3.Име на професионалната пензиска шема

____________________________________________

4.Назив на работодавач/здружение на граѓани

____________________________________________

5.Даночен број ____________________________________________

6. Име и презиме на членот ____________________________________________

7. Дата на зачленување во доброволен пензиски фонд ____________________

8. Број на професионална сметка ____________________________________________

**Со ова се потврдува дека лицето е член на**

____________________________________________
**(назив на доброволниот пензиски фонд)**

**управуван од**

____________________________________________
**(назив на друштвото)**

**и дека членот ги има сите права од доброволно капитално финансирано пензиско осигурување освен правото да уплаќа придонес.**

Дата ____________________

Потпис ____________________

ЛОГО НА ДРУШТВОТО
Максимални димензии (10 см должина x 2 см висина)

**Образец 4**

## ПОТВРДА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

**број** | | | | | | | | | | |

1. ______________________________________________
(целосен назив на друштвото и контакт телефон)

со седиште на ______________________________________________
(адреса на друштвото)

2.______________________________________________
(назив на доброволниот пензиски фонд)

3. Име и презиме на членот ______________________________

4. Дата на зачленување во доброволен пензиски фонд ____________________

**Со ова се потврдува дека лицето е член на**

______________________________________________
**(назив на доброволниот пензиски фонд)**

**управуван од**

______________________________________________
**(назив на друштвото)**

**и дека членот ги има сите права од доброволното капитално финансирано пензиско осигурување.**

Дата ____________________

Потпис ____________________

Образец 5

**ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕМИН ОД ЕДЕН ВО ДРУГ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД**

До

______________________________________________________
(назив на друштвото кое управува со постојниот доброволен пензиски фонд)

Јас ______________________________________________
*(име и презиме на членот)*
со ЕМБГ ______________________потврдувам дека сум согласен/на да

преминам во _______________________________________________ .
(*име на другиот доброволен пензиски фонд*)

Дата ____________

(Потпис на членот) _________________